ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и

Месут Јакупи, директор на Агенцијата за стоковни резерви

Предлог
на среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026 - 2030 година

Скопје, ноември 2025 година

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 4 од Законот за стоковните резерви (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 74/24, 135/25 и 154/25), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на _______2025 година, донесе

**С Р Е Д Н О Р О Ч Н А   П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА ПЕРИОД 2026 - 2030 ГОДИНА**

**I.**

1. Со оваа среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026 - 2030 година, согласно Законот за стоковните резерви, се утврдува видот и количината на стоковните резерви.

2. Стоковните резерви се формираат од производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Република Северна Македонија.

3. Стоковните резерви ги сочинуваат: пченица, пченка, јачмен, оризова арпа, прехранбена сол, сурово сончогледово масло, нафтени деривати, лекови и медицински средства.

4. Количините на поодделни стоки во стоковните резерви се димензионираат така што да обезбедат покриеност на потрошувачка на годишно ниво за:

   4.1. Прехранбени стоки

   - пченица (меркантилна) за мин. 120 дена,
   - пченка (добиточна) за мин. 30 дена,
   - јачмен (добиточен) за мин. 60 дена,
   - оризова арпа за мин. 60 дена
   - прехранбена сол за мин. 60 дена,
   - сурово сончогледово масло за мин. 60 дена,

   пресметано според податоците за потребните количини на одделни земјоделско-прехранбени производи во Република Северна Македонија добиени од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и

   4.2 Индустриски стоки

   - нафтени деривати и тоа:
   - еуросупер 95 БС за мин. 5 дена,
   - еуродизел БС (Д-Е V) за мин. 5 дена,
   - екстра лесно ЕЛ-1 за мин. 5 дена,
   - мазут М-1 НС за мин. 5 дена,

   пресметано според податоците за реализирана потрошувачка на нафтени деривати во Република Северна Македонија добиени од Државниот завод за статистика или Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија и

   - лекови и медицински средства според листа која Владата на Република Северна Македонија ја утврдува секоја година.

5. Заради спремност за брза интервенција од стоковните резерви, 0,5% од стоковните резерви на пченица може да се чуваат во вид на брашно Т-500.

6. Заради полесно чување и одржување, оризот ќе се чува во вид на оризова арпа. Како ориз може да се чува максимум 2% од вкупната количина на оризова арпа во стоковните резерви.

7. Заради полесно чување и одржување, маслото за јадење ќе се чува во вид на сурово сончогледово масло. Како рафинирано масло за јадење може да се чува максимум 2% од вкупната количина на масло во стоковните резерви.

8. Под нафтени деривати се подразбира: моторен бензин, дизел гориво, масло за горење - екстра лесно и мазут.

9. Структурата и количините на лекови и медицински средства во стоковните резерви ги предлага Министерството за здравство и се димензионираат така што да обезбедат опфаќање на сите неопходни лекови по фармакодинамски групи кои ги покриваат потребите на населението во воена, вонредна состојба и елементарни непогоди, сметајќи ги тука и серумите, дијагностиците и вакцините кои ќе се набават со пресметан ризик дека не ќе можат да бидат потрошени во рок на траење, како и потребните лекови и медицински средства кои произлегуваат како обврска на Република Северна Македонија од меѓународни договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија, како и од членство во меѓународни институции и сојузи од областа на одбраната и здравството.

**II.**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.________

______2025 год.

Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
Африм Гаши

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026 - 2030 година, се овозможува Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 68, став 1, алинеа 11 од Уставот на Република Северна Македонија, да одлучува за резервите на Републиката. Исто така, согласно член 4 од Законот за стоковните резерви (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 77/09, 24/11,43/14 и 83/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21, 74/24, 135/25 и 154/25) Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија ја донесува Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви.

Притоа, со Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026 - 2030 година, се планира зголемување на постојните стоки во стоковните резерви кои се опфатени со Законот за стоковни резерви, до ниво кое ќе обезбеди покриеност на потрошувачката за пченица (меркантилна) за мин. 120 дена, пченка (добиточна) за мин. 30 дена, јачмен (добиточен) за мин. 60 дена, ориз за мин. 60 дена, готварска сол (прехранбена) за мин. 60 дена, масло за јадење за мин. 60 дена, моторен бензин Еуросупер БС 95, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра лесно ЕЛ-1 и мазут М-1 НС за мин. 5 дена.

Со наведената Програма се овозможува дел од стоковните резерви на меркантилна пченица, оризова арпа и сурово сончогледово масло, заради можноста за брза интервенција од стоковните резерви, да се чуваат во вид на брашно Т-500, ориз, како и рафинирано масло за јадење.

При пресметка на деновите на покриеност на потрошувачката, во предвид се земени податоците на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за потребни количини на одделни земјоделско-прехрамбени производи во Република Северна Македонија и податоците за реализираната потрошувачка на нафтени деривати во Република Северна Македонија добиени од Државниот завод за статистика или Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија.